Врачеви

Маргарет Лоренс

Изданието е објавено со поддршка од
Советот за уметност на Канада:


Canada Council for the Arts
Conseil des arts du Canada

Библиотека – Аквамарин

Главен уредник
Филип Димевски

Лектура
Ирена Ралева

Наслов на оригиналот:
Margaret Laurence, **The Diviners**

Copyright © 1974 by New End
Copyright © Begemot, 2025

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Врачеви

Маргарет Лоренс

превод од англиски јазик
Кристина Димкова

Скопје, 2025

За жителите на Елмкот, минати, сегашни и идни и за самата кука со љубов и благодарност.

А таму тие некоґаш си поститоеле
и оставиле траґа.
— Ал Парди, *Роблин Милс*, 1842 г.

I
Реката на сега и тогаш

1

Реката течеше во две насоки. Струјата се движеше од север кон југ, но ветерот вообичаено доаѓаше од југ клокотејќи ја бронзено-зелената вода во спротивна насока. Оваа навидум невозможна противречност, тука очигледна и можна, сè уште ја маѓепсуваше Мораг, дури и по толку години набљудување на реката.

Магливата зора се беше кренала, а утринскиот воздух беше полн со ластовици што јурнуваа толку ниско до реката, што крилјата напати им ја допираа водата, а потем се извиваа и во пируети повторно се креваа нагоре. Мораг набљудуваше обидувајќи се да си ги избегне мислите, ама трикот не се покажа како успешен.

Пике си беше заминала. Сигурно си отишла ноќта. Оставила белешка на кујнската маса, која на Мораг ѝ служеше и како биро, и го пикнала ливчето во машината за пишување, каде што била сигурна дека Мораг ќе го најде.

„Те молам не паничи, мамо. Можам сама да се грижам за себе. Одам на запад. Сама, барем засега. Ако се јави Горд, кажи му дека сум се удавила и сум отпловила по реката крунисана со алги и мртви рипчиња, како Офелија“.

Значи, мора да ѝ се даде некој бод за стилот на пишување. Малку неоригинален, можеби, ама нека биде. Ох, господе, не е смешно. Пике има осумнаесет години. Само. Тукушто испилена. Но, сепак, беше. Камо да не беше оној претходниот пат кога Пике замина, онаа навистина лоша случка. Тоа нема да се случи повторно, не како тогаш. Мораг беше сосем сигурна дека нема. Веројатно недоволно сигурна.

Имам ужасно многу работа за да се секирам за Пике. За среќа. Си ја имам работава за да ми ги одвлече мислите од животов. На четириесет и седум години, тоа не е толку лоша состојба на нештата. Да не бев писателка, можеби ќе бев најголем крш во моментов. Не куди го занаетот.

Мораг повторно го чита писмото од Пике, си прави кафе и седнува со поглед кон реката, која тивко си се движи со површината збрчкана од ветрето, секој набор од водата порабен со сончевина. Природно, реката не беше воопшто збрчкана ниту набрана – погрешни зборови, наведуваат на нешто нетечно како кожа, нешто неиздржливо, жртва на возраста. Оставена сама на себе, реката веројатно ќе опстојува ваква, длабока, уште милион години. Недозволиво е да се случи тоа. Во минатото, Мораг веруваше дека ништо не може да биде пострашно од убиство на човек. Сега согледа дека убивањето река е нешто далеку полошо. Не е чудно што децата се чувствуваа како деца на апокалипсата.

Денес нема чамци. Има, еден. Ројланд излегол, лови штуки. Оваа година ќе наполни седумдесет и четири години, Ројланд. Видот му е ужасен, ама премногу е своеглав за да носи очила. Чудо е што уште работи. Се разбира, неговата работа не зависи од видот. Некој друг вид. Врач за вода. Мораг отсекогаш чувствуваше дека од него ќе научи нешто од огромна важност, нешто што ќе објасни сè. Но, нештата останаа мистични, неговата работа, нејзината, генерациите, реката.

Долж реката, сребреникаво-зелената грамада врби се веднеше надолу до водата, а зад нив, големите јавори и дабови по малку се нишаа, само ветрот го нарушуваше нивниот џиновски темен спокој. Оваа година имаше повеќе мртви брези, суви коски, сивите скелети на дрвјата. Наскоро нема да остане ниту една бреза.

Ластовиците се нурнуваа и кружеа над водата, трага од сино-црни крилја и светли градни пердуви. Како може таа боја да се долови со зборови? Некаква розова праска боја, ама ова звучи блуткаво, а и не е прецизно.

Порано мислев дека зборовите можат да направат сè. Магија. Волшебство. Дури и чудо. Ама не, можат само понекогаш.

Куќата делуваше премногу тивка. Осојна. Кујната го имаше оној мирис на скиселено млеко и бајат леб што Мораг го памети уште од детството и што го презираше. А немаше скиселено млеко ниту бајат леб – сигурно ѝ е во главата, се ослободува од празнотијата на местото. Сè до неодамна куќата беше полна, не само Пике туку и Еј-Океј Смит, Моди и нивното променливо, но секогаш големо племе. Мораг, во текот на годината, кога семејството Смит живееше тука, беше растргната помеѓу љубов и бес – како може од некого да се очекува да работи во таква лудница, а сепак ги хранеше сите, горе-долу, и немаше да има ни ебана пара ако не ѝ се вратеше на машината за пишување. Сега, се разбира, посакуваше некои од нив повторно да се тука. Навистина живеат преку реката, сега откако имаат свое живеалиште, и често доаѓаат на гости, па можеби е тоа доволно.

Околу одењето на Пике, со исклучок на самото заминување, постоеше некаква колебливост во умот на Мораг. Фактот дека Пике тргнала на запад? Да. Ѝ беше истовремено мило и неизвесно. Што ќе помисли татко на Пике, ако дознае? Па, нема да дознае, а и онака

нема многу право да суди. Дали Пике ќе оди во Манавака? Ако оди, ќе најде ли нешто таму што ќе ѝ биде од значење: Мораг стана, ја пребара куќата и конечно го најде тоа што го бараше.

Овие фотографии од минатото никогаш не се согласија да бидат изгубени. Чудно, бидејќи вистински се потруди да ги изгуби или барем мислеше дека се потрудила. Небрежно се однесуваше со нив, ги пикаше во ретко отворани куфери или во фиоки полни со отфрлена долна облека, одбивајќи да ги стави во нешто уредно, како албум. Беа стуткани без ред во еден прастар парталав коверт за документи што ѝ го даде Кристи кога беше дете и на кој пишуваше „Меквити и Перл, адвокати и правни советници, Манавака, Манитоба“. Сигурно Кристи го нашол на ѓубриштето – Буништето, како што беше познато; колку неверојатен назив, кога ќе помислиш на последиците. Дебелата кафеава хартија смрдеше малку кога ѝ ја врачи Кристи, малку на гомна, малку на сладникав етерски мирис на скапано овошје. Ѝ рече дека може да го задржи за да ги чува сликите во него, и таа го зеде, иако го презираше, бидејќи немаше друг поздрав коверт за неколкуте вредни слики што ги поседуваше тогаш. Не сфаќајќи дека ако ги фрлеше, тогаш и таму, нејзиниот череп ќе беше доволно здрав коверт за да ги зачува во него.

Ги зачував, се разбира, бидејќи нешто во мене не сакаше да ги изгуби, или, пак, не се осмелуваше да ги изгуби. Можеби тие се моите тотеми или, пак, содржат дел од мојот дух. Да, и можеби тие се токму тоа што треба да бидат – испомешан неред од стари фотки што ќе ги влечкам со себе кога ќе бидам старица, ќе ги стискам во рацете кога ќе влегувам или кога сосила ќе ме пикнат во Домот на армијата за спасување стари лица или кога и да биде денот кога ќе ме најде смртта.

Мораг ги нареди сликите по хронолошки ред. Небаре имаше некој вистински хронолошки ред, или каков било ред, кога е тоа во прашање. Не беше сигурна дали луѓето на фотките беа легенди за кои некогаш само сонувала, или, пак, беа вистински луѓе што ги познавала некогаш.

Не ги чувам сликиве поради тоа што го прикажуваат туку поради она што е скриено во нив.

Фотографија:

Мажот и жената стојат здрвени на едната страна на портата. Портата е од оние што ги има на фармите, мошне широка, од темен метал и стара – како што се гледа од тоа што е висната. Мажот не ја допира жената, ама стојат близу еден до друг. Таа е млада, облечена во памучен дезениран фустан (дезенот не се гледа), кој личи како да е преголем за нејзината тенка фигура. Кога ќе се погледне одблизу, може да се забележи дека малечкото и речиси исушено тело ѝ се задебелува кај стомакот. Косата ѝ е кратка и власеста, веројатно руса. Главата на мажот му е поднаведната, а тој се смешка со очигледна засраменост кон фотографот што невидливо стои од блиската страна на портата. Мажот изгледа како да има триесетина години. Висок е и веројатно силен, со тесна, но мускулеста градба. Косата му е темна и некако нескротена, како миг пред тоа да ја зачешлал наназад со прстите. Во далечната заднина, на крајот на патот, може да се видат темните контури на куќата, двокатна, коцкеста куќа, за чија несмасност делумно надоместуваат верандата и скалите на предната страна. Смреки, високи и црни, стојат покрај куќата. Во подалечната заднина има некаква сенчеста структура што би можела да биде штала. Полковник Ган и неговата сопруга, Луиза, секогаш стојат тука, во средината на 1920-тите, се смеат со своите стегнати насмев-

ки, држејќи си ги сега веќе избледените сепија-верзии од себе, исправени, надежни, нивната сепија-куќа и сепија-фарма стојат цврсто зад нив, гледаат нанапред кон она што ќе се случи, не знаејќи ја идната прогноза на времето и духот.

Мораг Ган е на сликава, скриена зад грдотијата на евтиниот домашен фустан на Луиза, скриена во плотта на мајка си, невидлива. Мораг е сè уште жива закопана, првото погребување, сè уште мала рипка, непромислено поврзана со животот, се држи за него само со еден конец.

Фотографија:

Девојчето седи на влезните скали на куќата. Ја загубило бебешката заобленост под претпоставка дека некогаш ја имало, ама градбата ѝ е набиена на возраст од околу две години. Косата ѝ е права и темна, како на татко ѝ. Изгледа сериозно, но не несреќно. Замислено, можеби. Носи еднобоен памучен фустан со набрани ракави и ременче, кој таа или некој друг скромно ѝ го потсобрал и ѝ го наместил над колената. До неа седи еден озарен лангач со исплазен јазик.

Песот, како што не може да се забележи од сликата, се вика Лајо, скратено од Лајко. Секогаш ја следи Мораг низ дворот, ја чува. Добродушен пес е, безгрижен, никогаш не лае, тивок е, без оглед на името. Будно чека крадци и арамии, да имаше, ама нема никогаш, никогаш. Мајка ѝ му дозволува на Лајо да спие во собата на Мораг, да ѝ прави друштво. Некои луѓе не им дозволуваа на кучињата да спијат на кревет, ама на мајка ѝ не ѝ пречи, бидејќи знае дека Мораг сака Лајо да биде таму за да се чувствува безбедно. Мајка ѝ не е од оние мајки што викаат по децата. Не се ни жали. Не е како Прин.

Сево ова е лудо, се разбира, и сосем невистиниш̄то. Или можеби вистиниш̄то и можеби не. Се секавам на

себе како го составувам ова толкување во куќата на Кристи и Прин.

Фотографија:

Детето, тригодишно, стои зад тешката порта од жичена мрежа на фармата, sирка надвор. Човекот со фотоапаратот невидливо стои на другата страна. Детето се смее, глуми, се однесува недоветно, игра пред публика од еден, човекот што фотографира.

Она што не е фатено на сликата е дека откако таткото на Мораг ја направи фотографијата, ја праша дали сака да ѝ помогне да се качи на портата. Никогаш не му пречи да ѝ помага. Секогаш има време. Татко ѝ е до неа, тогаш ја крева горе и ја става на врвот на портата држејќи ја да не падне. Таа му виси на рамото и му го допира лицето до вратот. Мириса топло и убаво. Чисто. Мириса на сапун и зеленило. Не на вештачко ѓубриво. Никогаш не смрди на коњски измет, иако е фармер. Ја симнува од портата и влегуваат во куќата. Куќата е огромна, полна со чудни агли и места за истражување. Дури има и трпезарија, со убав мебел, креденец и голема кружна маса. Семејството Ган јаде во својата трпезарија секоја недела, без исклучок. Под влезните скали има едно долапче во кое Мораг вползува кога сака да најде скриени богатства. Се простира длабоко кон задниот дел на скалите и е токму толку високо колку да се исправи. Внатре има купчиња книги што некогаш му припаѓале на Алисдер Ган, дедото на Мораг, кој дошол тука многу одамна, ја изградил куќата и ја воспоставил фармата кога најверојатно тука немало ништо освен прериски треви и Индијанци. Книгите имаат кожени подврски и мирисаат на узди, само поубаво, а насловите се напишани со златни букви. Во долапчево има и вазни и чинии украсени со портокалови хризантеми и виолетови темјанушки, како и стари фустани, долги, со